**20250240531**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 8 став (2) од Законот за рамномерен регионален развој* („Службен весник на Ре-публика Северна Македонија“ бр. 24/21, 174/21 и 241/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 јануари 2025 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ИНДИКАТОРИ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈА СО СПЕЦИФИЧНИ РАЗВОЈНИ ПОТРЕБИ

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат индикатори за определување на подрачјата со специфични развојни потреби.

Член 2

Пограничните подрачја, како подрачја, со специфични развојни потреби, се определуват според следните индикатори:

- атарите на катастарските општини во граничниот појас, по должина на граничната линија;
- оддалеченост на населените места до 10 км, од државната граница или прво населено место кое излегува со атарот на катастарската општина на државната граница и
- селата.

Член 3

Руралните подрачја, со специфични развојни потреби, се определуваат според следните инди-катори:

- физичко-географските индикатори (геоморфолошки и климатски индикатори) на ридските подрачја со специфични развојни потреби;
- бројно движење на населението во анализираниот период;
- индекс на старееење;
- просечен бруто домашен производ по жител и
- стапка на невработеност.

Член 4

Ридско-планинските подрачја, како подрачја со специфични развојни потреби, се определуваат според следните индикатори:

- надморска височина од 700 метри, како долна граница за определување на опфатот на ридско-планинските подрачја со специфични развојни потреби;
- физичко-географските индикатори (геоморфолошки и климатски индикатори) на ридско-планинските подрачја со специфични развојни потреби и орографските услови кои ја карактеризират локацијата на населеното место;
- климатските услови кои делуваат во подрачјата над 700 метри надморска височина и предизвикуват отежнати услови за живеење и работа;
- бројно движење на населението во анализираниот период;
- индекс на стареење;
- стапка на невработеност и
- просечен бруто домашен производ по жител.

Член 5

За утврдување на индикаторите од член 2, член 3 алинеите 2, 3, 4 и 5 и член 4 алинеите 3, 4, 5, 6 и 7 од оваа одлука ќе се користат најнови статистички податоци и податоци од информативниот систем на Република Северна Македонија, а за утврдување на индикаторите од член 3 алинеја 1 и член 4 алинеите 1 и 2 од оваа одлука ќе се користат топографски карти со размер 1:50.000.

Член 6

Подрачјата што се од особен интерес за развој на економските, туристичките, културните и други стратешки цели на државата, се определуваат врз основа на закон или друг акт со кој се уредуваат и се класификацираат, при што се зема предвид нивната специфичност и значење, односно особениот интерес за развој на економските, туристичките, културните и други стратешки цели на државата.

Член 7

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за поблиски кри-териуми и индикатори за определување на подрачјата со специфични развојни потреби („Службен вес-ник на Република Македонија” бр. 78/09).

Член 8

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-663/4
28 јануари 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.